АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ



ВРЗ ОСНОВА НА ОДЛУКА ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КОНКУРС ЗА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПО ПОВОД **ДЕН НА ОСИГУРУВАЊЕ - 1 НОЕМВРИ**, АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈАВУВА

# КОНКУРС ЗА УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

по повод

**ДЕН НА ОСИГУРУВАЊЕ - 1 НОЕМВРИ**

**За учениците од 1 до 5 одделение на зададена тема:**

- **„Осигурувањето ме заштитува од ризици“**- изразена преку ликовна творба (цртеж/дигитален цртеж)

**За учениците од 6 до 9 одделение на зададена тема:**

- **„Осигурувањето е моја инвестиција за сигурна иднина“** - изразена преку литературна творба (песна)

За избраните најдобри творби на учениците од основно образование ќе им бидат доделени вкупно **6 награди**, и тоа:

- **3 награди за најдобра ликовна творба** (цртеж/дигитален цртеж) за учениците од 1 до 5 одделение;
- **3 награди за најдобра литературна творба** (песна) за учениците од 6 до 9 одделение;

На учениците од основното образование чиишто творби се наградени ќе им биде доделена парична награда во износ од 5.000,00 денари, со депонирање во банка по нивен избор.

**За учениците од средно образование на зададена тема „Животот е полн со изненадувања, осигурувањето е моја финансиска сигурност“ изразена преку литературна творба (расказ/есеј).**

Расказот/Есејот треба да има најмногу 1.800 зборови со содржина за личен став кон улогата на осигурувањето, со осврт на прашања како: познавањето на младите за тоа што значи осигурувањето, начинот на купување на осигурување и поседување на полиса за осигурување, размислување во однос на потребата за финансиска писменост и едукација, улогата на осигурувањето во справувањето со ризици, улогата на осигурувањето во економијата, однесувањето на младата популација и семејните навики кон осигурувањето, и други аспекти.

За избраните најдобри творби на учениците од средното образование ќе им бидат доделени вкупно 3 награди. На учениците чиишто творби се наградени, ќе им биде доделена парична награда во износ од 8.000,00 денари, со депонирање во банка по нивен избор.

## Заеднички услови коишто важат за учениците од основното и средното образование:

Крајниот рок за доставување на творбите е **21 октомври** (понеделник), 2024 година.

Ве молиме потпишете ги Вашите творби, со тоа што задолжително треба да се наведат следните податоци:

- Име и презиме на ученик,
- Назив на училиште каде што ученикот посетува настава (одделение/година/општина /село / град),
- Име и презиме на родител/ старател со адреса на живеење, и
- Телефон за контакт на родител/старател/наставник/професор



## Начин на достава на творбите:

Сите творби (цртеж, песна, расказ/есеј) може да се доставаат **директно во Архивата на Агенцијата за супервизија на осигурување** или **преку пошта**.

**Творбите:** песна, расказ/есеј, цртеж изработен на дигитален уред може да се доставаат по електронски пат на следната електронска адреса: contact@aso.mk

**Адреса за достава преку пошта со назнака:**

**„За конкурс по повод Денот на осигурување – 1 ноември“**
**Агенција за супервизија на осигурување**
**Ул. Македонија бр.25 , Палата Лазар Поп Трајков, кат 5, 1000 Скопје**

Пристигнатите творби ќе ги разгледува и оценува стручна Комисија за избор на најдобра ликовна творба – цртеж, најдобра литературна творба - песна за учениците од основното образование и најдобра литературна творба – расказ/есеј, за учениците од средното образование.

Списокот на наградените ученици ќе биде објавен најдоцна до 31 октомври (четврток), 2024 година, на интернет-страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk и едукативниот портал https://edukacija.aso.mk/

За да научите повеќе за осигурувањето, посетете го едукативниот портал www.edukacija.aso.mk

За подетални информации во врска со Конкурсот, Ве молиме обратете се на електронската пошта на Агенцијата за супервизија на осигурување contact@aso.mk.

Спроведувањето на Конкурсот за ученици е во рамки на активностите на **АСО** за подигнување на свеста на младите за важноста на финансиската едукација со посебен фокус на улогата и бенефитот од осигурувањето. **АСО** се стреми да го презентира практичниот аспект од финансиската едукација и да делува како надополнување на формалното образование. Конкурс се објавува во континуитет од 2018 година.